Согласно член 7 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/20), при тоа земајќи ги предвид ризиците кои се поврзани со обработката, особено од случајно или незаконско уништување, губење, менување, неовластено откривање на личните податоци или неовластен пристап до пренесените, зачуваните или на друг начин обработени лични податоци во збирките на лични податоци кои се дефинирани во Политиката за воспоставување на систем за заштита на лични податоци во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-3673/1 од 08.10.2021 година, а согласно Заклучокот на Советот бр.02-2312/6 од 14.06.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 23-та седница одржана на 14.06.2022 година, донесе:

# АНАЛИЗА НА РИЗИК

## I. Вовед

Согласно Законот за заштита на личните податоци, безбедноста подеднакво ги опфаќа доверливоста, интегритетот и достапноста на личните податоци, и истите треба да се согледуваат од пристап базиран на ризик, при што од нивото на ризик зависи и сетот на технички и организациски мерки кои Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги – поранешен Совет за радиодифузија на РМ (во понатамошен текст: АВМУ) треба да ги преземе за да управува со ризикот.

Обработката на личните податоци со кои располага АВМУ се извршува исклучиво во седиштето на АВМУ. Чувањето на податоците е во хартиена и електронска форма (ЦД, хард диск, УСБ) и податоци во електронските уреди (лап топ, надворешен хард диск и телефон) од страна на овластените лица кои имаат различен пристап до овие податоци (увид и обработка). Податоците со кои располага АВМУ се пренесуваат на други субјекти согласно Законот за заштита на личните податоци, Законот за работните односи, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиуми. Физички – опипливите податоци се чуваат во заклучен плакар во архивата на АВМУ, а електронските податоци во два компјутери кои се заштитени со лозинка за секој пристапувач поединечно. Во случај на губење на податоците истите се лесно достапни од изворот (субјектите на лични податоци или контролори со легитимно право).

Се проценува низок ризик за нарушување на доверливоста, интегритетот или достапноста на личните податоци од причина што во последните 10 години од работа на АВМУ досега се нема случено такво нешто. Во случај на губење на едниот тип на податоци – поголем дел од податоците се во back-up на другиот тип на податоци, и во случај на губење на податоците истите се лесно достапни.

Нивото на влијание врз субјектот на лични податоци е ниско каде субјектот може да наиде на мали непријатности, кои ќе бидат надминати без никаков проблем (време изгубено за повторно внесување на податоци, нервози, иритации и др.).

## II. Во АВМУ личните податоци се групирани во следниве збирки:

### 1. Збирка на лични податоци за вработени и надворешно ангажирани лица во Агенцијата

Личните податоци во оваа збирка се обработуваат заради остварување на конкретни права и обврски во врска со работниот однос на вработените и надворешно ангажирани лица во АВМУ, во согласност со прописите од областа на работните односи.

Во оваа збирка, се прибираат личните податоци за физичките лица кои засновале работен однос или се ангажирани во АВМУ преку приватна агенција за вработување. Личните податоци во оваа збирка се:

- име и презиме;

- адреса на живеење или престојување;
- единствен матичен број на граѓанинот;
- број на лична карта/патна исправа;
- податок за националната припадност;
- број на трансакциона сметка;
- извод од матична книга на родени;
- акт за државјанство;
- телефонски број и електронска пошта и
- дипломи, уверенија за стекнато образование.

Овие лични податоци се чуваат согласно рокот за чување на податоците определен во Листата на архивски материјал за 2022 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.03-4240/1 од 22.11.2021 г.

Вработените во АВМУ работните задачи ги извршуваат во службените простории на АВМУ, чие седиште е на ул.„Македонија“ бр.38 1000 Скопје. Досиејата и документацијата за вработените се чуваат во хартиена форма во заклучен плакар. Тие се наоѓа во службените простории на АВМУ и се сместени во канцеларијата на Одделението за административно – правни работи/Одделението за нормативно – правни работи при Секторот за правни работи и јавни набавки.

Податоците за вработените/надворешно ангажираните лица во АВМУ се обработуваат и внесуваат и во посебен електронски софтвер - Модул за кадровска евиденција, до кој пристап за обработка на податоци имаат вработените во Одделението за административно – правни работи при Секторот за правни работи и јавни набавки, а во делот за обработка и пресметување на плата и отсуства, обработката на податоци се врши од страна на вработените во Одделението за економско – финансиски работи при Секторот за финансии и логистика.

На сликата се прикажани личните податоци кои се обработуваат во Модулот за кадровска евиденција.



Пристапот до Модулот за кадровска евиденција е авторизиран пристап и тој се однесува само на овластени лица кои имаат различни нивоа на овластувања (обработка, промена или преглед).

Обемот на податоците кој се обработува во оваа збирка на лични податоци во моментот на изработка на оваа Анализа е за 59 лица (54 вработени и 5 надворешно ангажирани лица).

Личните податоци се обработуваат на персонални и преносни компјутери, а се користи погоре наведениот електронски софтвер - Модул за кадровска евиденција и службена е-маил комуникација.

1.1. При обработка на оваа збирка на лични податоци утврдени се следните потенцијални закани, односно настани:

- неовластен пристап до личните податоци во хартиена форма од страна на неовластени лица, кој може да биде во случај на необезбедена сигурност на плакарите во кои се чуваат личните податоци на вработените, чување на наведените податоци на бироа, нивно копирање, уништување и сл.;
- неовластен пристап до личните податоци на вработените во електронска форма може да се случи доколку системот не поседува соодветна заштита firewall од надворешни неовластени пристапи (доколку нема инсталирано антивирус) и доколку персоналниот компјутер не е заштитен со лозинка;
- непосакувани промени на личните податоци може да дојде во случај на неовластен пристап до збирката на лични податоци, злоупотреба на овластувањата или грешка при ракување;
- привремена или целосна недостапност до личните податоци во хартиена форма може да дојде во случај на виша сила и непосакувани надворешни влијанија (кражба, пожар, поплава и слично), а привремена недостапност во електронска форма може да дојде доколку не се обезбеди заштита на сервери или други заштитни мерки.

Обработката на овие податоци во хартиена и електронска форма се врши само од страна на вработените во Одделението за административно–правни работи/Одделението за нормативно–правни работи при Секторот за правни работи и човечки ресурси, а увид во податоците имаат вработените согласно нивните работни задачи и овластувања.

Постојни мерки за решавање на ризик се: сигурносни копии и безбедност на просториите.

Сериозноста и веројатноста на ризиците, во однос на претходните елементи предвидени во оваа точка е ниска.

2. **Збирка на лични податоци за водење евиденција на плати на вработени и надворешно ангажирани лица во Агенцијата;**

Личните податоци во оваа збирка се обработуваат заради водење на евиденција на плати на вработените согласно член 21 од Законот за евиденција од областа на трудот. Личните податоци во оваа збирка се:

- име и презиме,
- адреса на живеење или престојување,
- единствен матичен број на граѓанинот,
- број на лична карта/патна исправа,
- број на трансакциска сметка и
- телефонски број и електронска пошта.

Овие лични податоци се чуваат согласно рокот за чување на податоците определен во Листата на архивски материјал за 2022 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.03-4240/1 од 22.11.2021 г.

Горенаведените податоци за вработените и надворешно ангажираните лица во Агенцијата се чуваат во хартиена форма во заклучени плакари.

Податоците за вработените исто така се обработуваат и се внесуваат во посебен интегриран електронски софтвер за правно-финансиско и електронско работење. По одобрувањето на податоците од страна на директорот на Агенцијата, се доставуваат на обработка во посебен електронски систем на Управата за јавни приходи.

Пристапот до софтверот е со авторизиран пристап само на овластени лица.

Обемот на податоците кои се обработуваат во оваа збирка на лични податоци во моментот е за 59 лица (54 вработени и 5 надворешно ангажирани лица).

Личните податоци се обработуваат на персонални компјутери, а се користи погоре наведената софтверска апликација и службена е-маил комуникација.

2.1. При обработка на оваа збирка на лични податоци утврдени се следните потенцијални ризици, односно настани:

- неовластен пристап до личните податоци во хартиена форма од страна на неовластени лица, кој може да биде во случај на необезбедена сигурност на плакарите во кои се чуваат личните податоци на вработените, чување на наведените податоци на бироа, нивно копирање, уништување и сл.;
- неовластен пристап до личните податоци на вработените во електронска форма може да се случи доколку системот не поседува соодветна заштита firewall од надворешни неовластени пристапи (доколку нема инсталирано антивирус) и доколку персоналниот компјутер не е заштитен со лозинка;
- во случај на неовластен пристап во електронскиот софтвер може да дојде до непосакувани промени на личните податоци;
- во случај кога личните податоци од наведениот софтвер треба лично да бидат доставени на УСБ до УЈП заради нивна обработка, кое УСБ доколку не е заштитено со лозинка, а доколку се изгуби УСБ-то, да бидат злоупотребени од неовластени лица;
- привремена или целосна недостапност до личните податоци во хартиена форма може да дојде во случај на виша сила и непосакувани надворешни влијанија (кражба, пожар, поплава и слично), а привремена недостапност во електронска форма може да дојде доколку не се обезбеди заштита на сервери или други заштитни мерки.

Обработката на овие податоци во хартиена и електронска форма се врши само од страна на вработените во Секторот за финансии и логистика, а увид во податоците имаат вработените согласно нивните работни задачи и овластувања.

Постојни мерки за решавање на ризик се: сигурносни копии и безбедност на просториите.

Сериозноста и веројатноста на ризиците, во однос на претходните елементи предвидени во оваа точка е ниска.

**3. Збирка на лични податоци за членовите на Советот на Агенцијата;**

Личните податоци во оваа збирка се обработуваат заради остварување на конкретни права и обврски согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Личните податоци во оваа збирка се:

- име и презиме;
- адреса на живеење или престојување;
- единствен матичен број на граѓанинот;
- број на лична карта/патна исправа;
- број од трансакциона сметка;
- телефонски број и e-mail адреса
- податоци за висината на надоместокот на членовите на Советот.

Овие лични податоци се чуваат согласно рокот за чување на податоците определен во Листата на архивски материјал за 2022 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.03-4240/1 од 22.11.2021 г.

Наведените податоци за членовите на Советот во Агенцијата се чуваат во хартиена форма во Секторот за финансии и логистика во заклучени плакари.

Податоците за членовите на Советот на Агенцијата исто така се обработуваат и електронски во посебен електронски систем на Управата за јавни приходи. Авторизиран пристап во наведениот систем имаат само овластени лица од Секторот за финансии и логистика.

3.1 При обработка на оваа збирка на лични податоци утврдени се следните потенцијални ризици, односно настани:

- неовластено пристапување до личните податоци во хартиена форма од страна на неовластени лица, која може да биде во случај на необезбедена сигурност на плакарите во кои се чуваат личните податоци на членовите на Советот на Агенцијата, чување на наведените податоци на бироа, нивно копирање, уништување и сл.

- неовластен пристап до личните податоци на членовите на Советот на Агенцијата во електронска форма може да се случи доколку системот на Агенцијата не поседува соодветна заштита firewall од надворешни неовластени пристапи (нема инсталирано антивирус), како и доколку преку него неовластено се пристапи до системот на УЈП.

- привремена или целосна недостапност до личните податоци во хартиена форма може да дојде во случај на виша сила и непосакувани надворешни влијанија (кражба, пожар, поплава и слично), а привремена недостапност во електронска форма може да дојде доколку не се обезбеди заштита на сервери или други заштитни мерки.

Обработката на овие податоци во хартиена и електронска форма се врши само од страна на вработените во Секторот за финансии и логистика, а увид во податоците имаат вработените согласно нивните работни задачи и овластувања.

Постојни мерки за решавање на ризик се: сигурносни копии и безбедност на просториите.

Сериозноста и веројатноста на ризиците, во однос на претходните елементи предвидени во оваа точка е ниска.

**4. Збирка на лични податоци на неизбрани кандидати на јавен оглас за вработување во Агенцијата;**

Личните податоци во оваа збирка се обработуваат заради реализирање постапка по јавен оглас за вработување во АВМУ. Во оваа збирка, се прибираат личните податоци за неизбраните кандидати на јавен оглас за вработување во АВМУ. Личните податоци во оваа збирка се:

- име и презиме;
- адреса на живеење или престојување;
- телефонски број и електронска пошта;
- дипломи, уверенија за стекнато образование.
- други лични податоци доколку такви се содржани во апликацијата на кандидатите (кратката биографија, мотивационото писмо и сл.).

Овие лични податоци се чуваат согласно рокот за чување на податоците определен во Листата на архивски материјал за 2022 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.03-4240/1 од 22.11.2021 г.

Податоците се обработуваат и чуваат во хартиена и електронска форма.

Податоците во хартиена форма за оваа збирка на лични податоци се чуваат заклучени во архивата на АВМУ. Документите кои неизбраните кандидати на јавните огласи за вработување во АВМУ ги доставуваат како доказ за исполнување на бараните услови за вршење на работата, на кандидатите им се враќаат во рок од 5 (пет) работни дена од денот на склучувањето на договорот за вработување со избраниот кандидат, согласно Законот за работните односи.

Обработката на овие лични податоци се врши на персонални и преносни компјутери.

4.1. При обработка на оваа збирка на лични податоци утврдени се следните потенцијални закани, односно настани:

- неовластен пристап до личните податоци во хартиена форма од страна на неовластени лица, која може да биде во случај на необезбедена сигурност на плакарите и просториите во кои се чуваат личните податоци на

неизбраните кандидати на јавен оглас за вработување во АВМУ, чување на наведените податоци на бироа, неовластено копирање, уништување и сл.;
- неовластен пристап до личните податоци на неизбраните кандидати на јавен оглас за вработување во АВМУ во електронска форма може да се случи доколку системот не поседува соодветна заштита firewall од надворешни неовластени пристапи (доколку нема инсталирано антивирус) и доколку персоналниот компјутер не е заштитен со лозинка;
- непосакувани промени на личните податоци може да дојде во случај на неовластен пристап до збирката на лични податоци, злоупотреба на овластувањата, грешка при ракување;
- привремена или целосна недостапност до личните податоци во хартиена форма може да дојде во случај на виша сила и непосакувани надворешни влијанија (кражба, пожар, поплава и слично), а привремена недостапност во електронска форма може да дојде доколку не се обезбеди заштита на сервери или други заштитни мерки.

Обработката на овие податоци во хартиена и електронска форма се врши само од страна на комисија формирана за таа намена и од страна на вработените во Одделението за административно – правни работи/Одделението за нормативно – правни работи при Секторот за правни работи и јавни набавки, а увид во податоците имаат вработените согласно нивните работни задачи и овластувања.

Постојни мерки за решавање на ризик се: сигурносни копии и безбедност на просториите.

Сериозноста и веројатноста на ризиците, во однос на претходните елементи предвидени во оваа точка е ниска.

5. **Збирка на лични податоци на управителите/одговорните лица во издавачите на медиуми, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, операторите на јавна електронска комуникациска мрежа;**

Личните податоци во оваа збирка се обработуваат за потребите на водењето на управните постапки согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), Законот за општата управна постапка (ЗОУП) и Законот за управните спорови (ЗУС), како и за потребите на водењето прекршочни постапки односно постапки за порамнување согласно ЗАВМУ, Законот за медиуми (ЗМ) и Законот за прекршочната постапка (ЗП). Личните податоци во оваа збирка се:
- име и презиме;
- адреса на живеење или престојување;
- матичен број на граѓанинот;
- телефонски број и електронска пошта, и
- други лични податоци потребни за изведување докази и утврдување факти во постапките согласно закон.

Овие лични податоци се чуваат согласно рокот за чување на податоците определен во Листата на архивски материјал за 2022 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.03-4240/1 од 22.11.2021 г.

Податоците од оваа збирка (СУЕ обрасци и тековни состојби издадени од Централниот регистар на РСМ) се чуваат во хартиена и електронска форма во архивата на АВМУ.

Обемот на податоците кој се обработува во оваа збирка на лични податоци во моментот на изработка на оваа Анализа е за 109 радиодифузери (43 телевизии и 66 радија) и јавниот радиодифузен сервис.

5.1. При обработка на оваа збирка на лични податоци утврдени се следните потенцијални закани, односно настани:
- неовластен пристап до личните податоци во хартиена форма од страна на неовластени лица, која може да биде во случај на необезбедена сигурност на плакарите во кои се чуваат личните податоци на управителите/одговорните лица во издавачите на медиуми, давателите на

аудиовизуелни медиумски услуги по барање и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа, чување на наведените податоци на бироа, неовластено копирање, уништување и сл.;
- неовластен пристап до личните податоци на управителите/одговорните лица во издавачите на медиуми, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа во електронска форма може да се случи доколку системот не поседува соодветна заштита firewall од надворешни неовластени пристапи (доколку нема инсталирано антивирус) и доколку персоналниот компјутер не е заштитен со лозинка;
- непосакувани промени на личните податоци може да дојде во случај на неовластен пристап до збирката на лични податоци, злоупотреба на овластувањата, грешка при ракување;
- привремена или целосна недостапност до личните податоци во хартиена форма може да дојде во случај на виша сила и непосакувани надворешни влијанија (кражба, пожар, поплава и слично), а привремена недостапност во електронска форма може да дојде доколку не се обезбеди заштита на сервери или други заштитни мерки.

Обработката на овие податоци се врши од страна на вработените во Одделението за нормативно – правни работи/Одделението за административно – правни работи при Секторот за правни работи и јавни набавки, а увид во податоците имаат и вработените согласно нивните работни задачи и овластувања.

Постојни мерки за решавање на ризик се: сигурносни копии и безбедност на просториите.

Сериозноста и веројатноста на ризиците, во однос на претходните елементи предвидени во оваа точка е ниска.

**6. Збирка на лични податоци на кандидатот/ите на конкурсот/учесници во сопственичката структура на радиодифузерот/лица кои би можеле да имаат значително влијание врз уредничката политика на радиодифузерот (физички лица) на кои не им е доделена дозвола (по пат на јавен конкурс);**

Податоците кои се дел од оваа збирка се обработуваат за потребите на постапката за доделување дозвола за телевизиско или радио емитување по пат на јавен конкурс, а согласно одредбите од ЗАВМУ. Поточно, АВМУ врши обработка на личните податоци на кандидатите на конкурсот, на други учесници во сопственичката структура на радиодифузерот (доколку има) и на физички лица кои би можеле да имаат значително влијание врз уредувачката политика на радиодифузерот (доколку има). Личните податоци во оваа збирка се:

- име и презиме;
- матичен број;
- адреса на живеење или престојување;
- акт за државјанство; и
- телефонски број и електронска пошта.

Овие лични податоци се чуваат согласно рокот за чување на податоците определен во Листата на архивски материјал за 2022 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.03-4240/1 од 22.11.2021 г.

Податоците од оваа збирка се чуваат во хартиена и електронска форма во архивата на АВМУ.

Обработката на овие лични податоци се врши на персонални и преносни компјутери.

6.1. При обработка на оваа збирка на лични податоци утврдени се следните потенцијални закани, односно настани:

- неовластен пристап до личните податоци во хартиена форма од страна на неовластени лица, кој може да биде во случај на необезбедена сигурност на плакарите во кои се чуваат личните податоци на кандидатот/ите на

конкурсот/учесници во сопственичката структура на радиодифузерот/лицата кои би можеле да имаат значително влијание врз уредничката политика на радиодифузерот (физички лица), на кои не им е доделена дозвола, чување на наведените податоци на бироа, неовластено копирање, уништување и сл.;

- неовластен пристап до личните податоци на кандидатот/ите на конкурсот/учесници во сопственичката структура на радиодифузерот/лицата кои би можеле да имаат значително влијание врз уредничката политика на радиодифузерот (физички лица), на кои не им е доделена дозвола во електронска форма може да се случи доколку системот не поседува соодветна заштита firewall од надворешни неовластени пристапи, доколку нема инсталирано антивирус и доколку персоналниот компјутер не е заштитен со лозинка;
- до непосакувани промени на личните податоци може да дојде во случај на неовластен пристап до збирката на лични податоци, злоупотреба на овластувањата, грешка при ракување;
- до привремена или целосна недостапност до личните податоци во хартиена форма може да дојде во случај на виша сила и непосакувани надворешни влијанија (кражба, пожар, поплава и слично), а до привремена недостапност во електронска форма може да дојде доколку не се обезбеди заштита на сервери или други заштитни мерки.

Обработката на овие податоци се врши од страна на вработените во Секторот за правни работи и јавни набавки и вработените во Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права, а увид во податоците имаат и други вработени согласно нивните работни задачи и овластувања.

Постојни мерки за решавање на ризик се: сигурносни копии и безбедност на просториите.

Сериозноста и веројатноста на ризиците, во однос на претходните елементи предвидени во оваа точка е ниска.

**7. Збирка на лични податоци на барателот/ите/учесници во сопственичката структура на радиодифузерот/лица кои би можеле да имаат значително влијание врз уредничката политика на радиодифузерот (физички лица), на кои не им е доделена дозвола (без јавен конкурс);**

Податоците кои се дел од оваа збирка се обработуваат за потребите на постапката за доделување дозвола за телевизиско или радио емитување без јавен конкурс, а согласно одредбите од ЗАВМУ. Поточно, АВМУ врши обработка на личните податоци на барателот/ите во сопственичката структура на радиодифузерот/лицата кои би можеле да имаат значително влијание врз уредувачката политика на радиодифузерот (физички лица) на кои не им е доделена дозвола. Личните податоци во оваа збирка се:

- име и презиме;
- матичен број;
- адреса на живеење или престојување;
- акт за државјанство; и
- телефонски број и електронска пошта.

Овие лични податоци се чуваат согласно рокот за чување на податоците определен во Листата на архивски материјал за 2022 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.03-4240/1 од 22.11.2021 г.

Податоците од оваа збирка се чуваат во хартиена и електронска форма во архивата на АВМУ.

Обработката на овие лични податоци се врши на персонални и преносни компјутери.

7.1. При обработка на оваа збирка на лични податоци утврдени се следните потенцијални закани, односно настани:

- неовластен пристап до личните податоци во хартиена форма од страна на неовластени лица, кој може да биде во случај на необезбедена сигурност на плакарите во кои се чуваат личните податоци на барателот/ите во сопственичката структура на радиодифузерот/лицата кои би можеле да имаат значително влијание врз уредувачката политика на радиодифузерот (физички лица) на кои не им е доделена дозвола, чување на наведените податоци на бироа, неовластено копирање, уништување и сл.;
- неовластен пристап до личните податоци на барателот/учесници во сопственичката структура на радиодифузерот/лицата кои би можеле да имаат значително влијание врз уредувачката политика на радиодифузерот (физички лица) на кои не им е доделена дозвола во електронска форма може да се случи доколку системот не поседува соодветна заштита firewall од надворешни неовластени пристапи, доколку нема инсталирано антивирус и доколку персоналниот компјутер не е заштитен со лозинка;
- до непосакувани промени на личните податоци може да дојде во случај на неовластен пристап до збирката на лични податоци, злоупотреба на овластувањата, грешка при ракување;
- до привремена или целосна недостапност до личните податоци во хартиена форма може да дојде во случај на виша сила и непосакувани надворешни влијанија (кражба, пожар, поплава и слично), а до привремена недостапност во електронска форма може да дојде доколку не се обезбеди заштита на сервери или други заштитни мерки.

Обработката на овие податоци се врши од страна на вработените во Секторот за правни работи и јавни набавки и вработените во Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права, а увид во податоците имаат и други вработени согласно нивните работни задачи и овластувања.

Постојни мерки за решавање на ризик се: сигурносни копии и безбедност на просториите.

Сериозноста и веројатноста на ризиците, во однос на претходните елементи предвидени во оваа точка е ниска.

## 8. Збирка на лични податоци на одговорното лице на давателот на аудиовизуелни медиумски услуги по барање;

Податоците кои се содржани во оваа збирка имаат за цел исполнување на обврските што произлегуваат од членот 57 од ЗАВМУ, односно водење на регистар на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање. Ваквиот регистар АВМУ го објавува на нејзината веб страна и истиот се ажурира по потреба, кога се прават измени на податоците по претходно добиено известување од субјектот или по службена должност. Личните податоци од оваа збирка се името и презимето на одговорното лице на давателот на аудиовизуелни медиумски услуги по барање.

Овие лични податоци се чуваат согласно рокот за чување на податоците определен во Листата на архивски материјал за 2022 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.03-4240/1 од 22.11.2021 г.

Податоците од оваа збирка (Пријави за евидентирање во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, нотификации за извршена регистрација во Агенцијата за електронски комуникации и тековни состојби издадени од Централниот регистар на РСМ) се чуваат во хартиена и електронска форма во архивата на АВМУ.

Обемот на податоците кој се обработува во оваа збирка на лични податоци во моментот на изработка на оваа Анализа е за 4 субјекти – даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање.

Обработката на овие лични податоци се врши на персонални и преносни компјутери.

8.1. При обработка на оваа збирка на лични податоци утврдени се следните потенцијални закани, односно настани:

- неовластен пристап до личните податоци во хартиена форма од страна на неовластени лица, која може да биде во случај на необезбедена сигурност на плакарите во кои се чуваат личните податоци на одговорното лице на давателот на аудиовизуелни услуги по барање, чување на наведените податоци на бироа, неовластено копирање, уништување и сл.;
- неовластен пристап до личните податоци на одговорното лице на давателот на аудиовизуелни услуги по барање во електронска форма може да се случи доколку системот не поседува соодветна заштита firewall од надворешни неовластени пристапи, доколку нема инсталирано антивирус и доколку персоналниот компјутер не е заштитен со лозинка;
- до непосакувани промени на личните податоци може да дојде во случај на неовластен пристап до збирката на лични податоци, злоупотреба на овластувањата, грешка при ракување;
- до привремена или целосна недостапност до личните податоци во хартиена форма може да дојде во случај на виша сила и непосакувани надворешни влијанија (кражба, пожар, поплава и слично), а до привремена недостапност во електронска форма може да дојде доколку не се обезбеди заштита на сервери или други заштитни мерки.

Обработката на овие податоци се врши од страна на вработените во Одделението за заштита на авторските права при Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права, а увид во податоците имаат и други вработени согласно нивните работни задачи и овластувања.

Постојни мерки за решавање на ризик се: сигурносни копии и безбедност на просториите.

Сериозноста и веројатноста на ризиците, во однос на претходните елементи предвидени во оваа точка е ниска.

**9. Збирка на лични податоци на одговорното лице на радиодифузерот/одговорниот уредник;**

Личните податоци во оваа збирка се обработуваат за потребите на водењето регистар на радиодифузери согласно член 66 од ЗАВМУ. Личните податоци во оваа збирка се:

- име и презиме и
- адреса на живеење или престојување.

Овие лични податоци се чуваат согласно рокот за чување на податоците определен во Листата на архивски материјал за 2022 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.03-4240/1 од 22.11.2021 г.

Податоците од оваа збирка (СУЕ обрасци и тековни состојби издадени од Централниот регистар на РСМ) се чуваат во хартиена и електронска форма во архивата на АВМУ.

Обемот на податоците кој се обработува во оваа збирка на лични податоци во моментот на изработка на оваа Анализа е за 109 радиодифузери (43 телевизии и 66 радија) и за јавниот радиодифузен сервис.

Обработката на овие лични податоци се врши на персонални и преносни компјутери.

9.1. При обработка на оваа збирка на лични податоци утврдени се следните потенцијални закани, односно настани:

- неовластен пристап до личните податоци во хартиена форма од страна на неовластени лица, кој може да биде во случај на необезбедена сигурност на плакарите во кои се чуваат личните податоци на одговорното лице на

радиодифузерот/одговорниот уредник, чување на наведените податоци на бироа, неовластено копирање, уништување и сл.;
- неовластен пристап до личните податоци на одговорното лице на радиодифузерот/одговорниот уредник во електронска форма може да се случи доколку системот не поседува соодветна заштита firewall од надворешни неовластени пристапи, доколку нема инсталирано антивирус и доколку персоналниот компјутер не е заштитен со лозинка;
- до непосакувани промени на личните податоци може да дојде во случај на неовластен пристап до збирката на лични податоци, злоупотреба на овластувањата, грешка при ракување;
- до привремена или целосна недостапност до личните податоци во хартиена форма може да дојде во случај на виша сила и непосакувани надворешни влијанија (кражба, пожар, поплава и слично), а до привремена недостапност во електронска форма може да дојде доколку не се обезбеди заштита на сервери или други заштитни мерки.

Обработката на овие податоци се врши од страна на вработените во Одделението за нормативно – правни работи/Одделението за административно – правни работи при Секторот за правни работи и јавни набавки, а увид во податоците имаат и други вработени согласно нивните работни задачи и овластувања.

Постојни мерки за решавање на ризик се: сигурносни копии и безбедност на просториите.

Сериозноста и веројатноста на ризиците, во однос на претходните елементи предвидени во оваа точка е ниска.

**10. Збирка на лични податоци на сопствениците на радиодифузерите;**

Обработката на личните податоци од оваа збирка е заради следење на сопственичката структура на радиодифузерите согласно одредбите од ЗМ. Лични податоци во оваа збирка се:

- име и презиме;
- адреса на живеење или престојување;
- единствен матичен број на граѓанинот; и
- број на лична карта.

Овие лични податоци се чуваат согласно рокот за чување на податоците определен во Листата на архивски материјал за 2022 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.03-4240/1 од 22.11.2021 г.

Податоците од оваа збирка (СУЕ обрасци и тековни состојби издадени од Централниот регистар на РСМ) се чуваат во хартиена и електронска форма во архивата на АВМУ.

Обемот на податоците кој се обработува во оваа збирка на лични податоци во моментот на изработка на оваа Анализа е за 102 физички лица сопственици на радио или телевизија.

Обработката на овие лични податоци се врши на персонални и преносни компјутери.

10.1. При обработка на оваа збирка на лични податоци утврдени се следните потенцијални закани, односно настани:

- неовластен пристап до личните податоци во хартиена форма од страна на неовластени лица, која може да биде во случај на необезбедена сигурност на плакарите во кои се чуваат личните податоци на сопственикот/иците на радиодифузерот, чување на наведените податоци на бироа, неовластено копирање, уништување и сл.;
- неовластен пристап до личните податоци на сопственикот/иците на радиодифузерот во електронска форма може да се случи доколку системот не поседува соодветна заштита firewall од надворешни неовластени пристапи,

доколку нема инсталирано антивирус и доколку персоналниот компјутер не е заштитен со лозинка;
- до непосакувани промени на личните податоци може да дојде во случај на неовластен пристап до збирката на лични податоци, злоупотреба на овластувањата, грешка при ракување;
- до привремена или целосна недостапност до личните податоци во хартиена форма може да дојде во случај на виша сила и непосакувани надворешни влијанија (кражба, пожар, поплава и слично), а до привремена недостапност во електронска форма може да дојде доколку не се обезбеди заштита на сервери или други заштитни мерки.

Обработката на овие податоци се врши од страна на вработените во Одделението за стратешко планирање при Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права, а увид во податоците имаат и други вработени согласно нивните работни задачи и овластувања.

Постојни мерки за решавање на ризик се: сигурносни копии и безбедност на просториите.

Сериозноста и веројатноста на ризиците, во однос на претходните елементи предвидени во оваа точка е ниска.

**11. Збирка на лични податоци на одговорното лице на операторот кој реемитува програмски пакети;**

Податоците кои се содржани во оваа збирка имаат за цел исполнување на обврските што произлегуваат од член 141 од ЗАВМУ, односно водење на регистар на оператори кои реемитуваат програмски пакети. Ваквиот регистар АВМУ го објавува на нејзината веб страна и истиот се ажурира по потреба, кога се прават измени на податоците по претходно добиено известување од субјектот или по службена должност. Збирката ги опфаќа личните податоци (име и презиме) на одговорното лице на операторот кој реемитува програмски пакети.

Овие лични податоци се чуваат согласно рокот за чување на податоците определен во Листата на архивски материјал за 2022 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.03-4240/1 од 22.11.2021 г.

Податоците од оваа збирка (Пријави за евидентирање во регистарот на оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и регистрација на програмски сервиси, нотификации за извршена регистрација во Агенцијата за електронски комуникации, тековни состојби издадени од Централниот регистар на РСМ, договори за уредени права склучени со имателите на правата, дозволи за странски радиодифузери и изјави од одговорното лице) се чуваат во хартиена и електронска форма во архивата на АВМУ.

Обемот на податоците кој се обработува во оваа збирка на лични податоци во моментот на изработка на оваа Анализа е за 33 оператори на јавна електронска комуникациска мрежа.

Обработката на овие лични податоци се врши на персонални и преносни компјутери.

11.1. При обработка на оваа збирка на лични податоци утврдени се следните потенцијални закани, односно настани:
- неовластен пристап до личните податоци во хартиена форма од страна на неовластени лица, која може да биде во случај на необезбедена сигурност на плакарите во кои се чуваат личните податоци на одговорното лице на операторот кој реемитува програмски пакети, чување на наведените податоци на бироа, неовластено копирање, уништување и сл.;
- неовластен пристап до личните податоци на одговорното лице на операторот кој реемитува програмски пакети во електронска форма може да се случи доколку системот не поседува соодветна заштита firewall од надворешни

неовластени пристапи, доколку нема инсталирано антивирус и доколку персоналниот компјутер не е заштитен со лозинка;

- до непосакувани промени на личните податоци може да дојде во случај на неовластен пристап до збирката на лични податоци, злоупотреба на овластувањата, грешка при ракување;
- до привремена или целосна недостапност до личните податоци во хартиена форма може да дојде во случај на виша сила и непосакувани надворешни влијанија (кражба, пожар, поплава и слично), а до привремена недостапност во електронска форма може да дојде доколку не се обезбеди заштита на сервери или други заштитни мерки.

Обработката на овие податоци се врши од страна на вработените во Одделението за заштита на авторското право и сродните права при Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права, а увид во податоците имаат и вработените согласно нивните работни задачи и овластувања.

Постојни мерки за решавање на ризик се: сигурносни копии и безбедност на просториите.

Сериозноста и веројатноста на ризиците, во однос на претходните елементи предвидени во оваа точка е ниска.

**12. Збирка на лични податоци на одговорното лице на издавачот на печатен медиум;**

Личните податоци во оваа збирка се обработуваат во насока на остварување на законската надлежност на АВМУ да води регистар на издавачи на печатени медиуми. Со оглед на тоа што согласно ЗМ овој регистар треба да содржи податоци за називот на издавачот на печатен медиум, неговата адреса, име и презиме на одговорното лице и име на весникот/магазинот што го издава, дел од оваа збирка на лични податоци се токму името и презимето на одговорното лице на издавачот на печатен медиум.

Овие лични податоци се чуваат согласно рокот за чување на податоците определен во Листата на архивски материјал за 2022 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.03-4240/1 од 22.11.2021 г.

Податоците од оваа збирка се чуваат во хартиена и електронска форма во архивата на АВМУ.

Обемот на податоците кој се обработува во оваа збирка на лични податоци во моментот на изработка на оваа Анализа е за 20 субјекти – издавачи на печатени медиуми.

Обработката на овие лични податоци се врши на персонални и преносни компјутери.

12.1. При обработка на оваа збирка на лични податоци утврдена е следната потенцијална закана, односно настан:

- неовластен пристап до личните податоци во хартиена форма од страна на неовластени лица, која може да биде во случај на необезбедена сигурност на плакарите во кои се чуваат личните податоци на одговорното лице на издавачот на печатен медиум, чување на наведените податоци на бироа, неовластено копирање, уништување и сл.;
- неовластен пристап до личните податоци на одговорното лице на издавачот на печатен медиум во електронска форма може да се случи доколку системот не поседува соодветна заштита firewall од надворешни неовластени пристапи, доколку нема инсталирано антивирус и доколку персоналниот компјутер не е заштитен со лозинка;
- до непосакувани промени на личните податоци може да дојде во случај на неовластен пристап до збирката на лични податоци, злоупотреба на овластувањата, грешка при ракување;

- до привремена или целосна недостапност до личните податоци во хартиена форма може да дојде во случај на виша сила и непосакувани надворешни влијанија (кражба, пожар, поплава и слично), а до привремена недостапност во електронска форма може да дојде доколку не се обезбеди заштита на сервери или други заштитни мерки.

Обработката на овие податоци се врши од страна на вработените во Одделението за стратешко планирање при Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права, а увид во податоците имаат и други вработени согласно нивните работни задачи и овластувања.

Постојни мерки за решавање на ризик се: сигурносни копии и безбедност на просториите.

Сериозноста и веројатноста на ризиците, во однос на претходните елементи предвидени во оваа точка е ниска.

**13. Збирка со лични податоци од системот за вршење видео надзор во Агенцијата;**

Личните податоци во оваа збирка се видео записи кои произлегуваат од вршењето на видео надзорот во АВМУ. Личните податоци во оваа збирка се:

- Физички изглед на вработените и надворешно ангажираните лица во АААВМУ и АМС и
- Физички изглед на странките, и другите посетители кои влегуваат и излегуваат во/од објектот Палата „Панко Брашнаров“.

Податоците од оваа збирка се чуваат во електронска форма согласно Законот за заштита на личните податоци и подзаконските акти.

Обемот на податоците кој се обработува во оваа збирка на лични податоци произлегува од снимениот материјал од петте камери за видео надзор.

13.1 При обработка на оваа збирка на лични податоци утврдени се следните потенцијални ризици, односно настани:

- неовластено физичко пристапување до системот за вршење на видео надзор;
- грешка при ракување со системот за видео надзор;
- до привремена, делумна или целосна недостапност до личните податоци кои се обработуваат преку системот за видео надзор, може да дојде во случај на виша сила и непосакувани надворешни влијанија (кражба, пожар, поплава и слично).

Постојна мерка за решавање на ризик се безбедност на просторијата.

Сериозноста и веројатноста на ризиците, во однос на претходните елементи предвидени во оваа точка е ниска.

**14. Збирка на лични податоци на посетителите во Агенцијата;**

Обработката на личните податоци од оваа збирка е заради евиденција на лицата кои влегуваат односно излегуваат од службените простории на АВМУ. Личните податоци во оваа збирка се:

- име и презиме и
- датум и час на влез/излез од АВМУ.

Податоците од оваа збирка се чуваат во хартиена форма (тетратка за евиденција на посетители во АВМУ).

Обемот на податоците кој се обработува во оваа збирка на лични податоци зависи од бројот на посетители во АВМУ.

14.1 При обработка на оваа збирка на лични податоци утврдени се следните потенцијални ризици, односно настани:

- неовластен увид во податоците на посетителите;
- до привремена или целосна недостапност до личните податоци кои се обработуваат со оваа збирка може да дојде во случај на виша сила и непосакувани надворешни влијанија (кражба, пожар, поплава и слично).

Постојни мерки за решавање на ризик се: безбедност на просторијата, на местото каде е поставена тетратката за присуство на посетители секогаш има вработено лице во АВМУ (работник на пријавница или лице кое го заменува) и по завршување на работното време тетратката се чува во заклучен плакар во архивата на АВМУ.

Сериозноста и веројатноста на ризиците, во однос на претходните елементи предвидени во оваа точка е ниска.

## 15. Збирка на лични податоци на подносители (физички лица) на барање за пристап до информации од јавен карактер;

Личните податоци во оваа збирка се обработуваат како законска обврска на АВМУ, со која се овозможува физичките лица – баратели на информации од јавен карактер, да го остварат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располага АВМУ. Оваа збирка содржи лични и адресни податоци на физичките лица – баратели на информации од јавен карактер согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Личните податоците од оваа збирка се:

- име и презиме;
- адреса на живеење или престојување; и
- електронска пошта.

Овие лични податоци се чуваат согласно рокот за чување на податоците определен во Листата на архивски материјал за 2022 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.03-4240/1 од 22.11.2021 г.

Податоците од оваа збирка се чуваат во хартиена и електронска форма во архивата на АВМУ. Врз основа на пополнетиот и доставен образец – Барање за пристап до информации од јавен карактер, кој содржи лични податоци, а согласно член 20 и член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер се издава решение.

Обработката на овие лични податоци се врши на персонални и преносни компјутери.

15.1. При обработка на оваа збирка на лични податоци утврдени се следните потенцијални закани, односно настани:

- неовластен пристап до личните податоци во хартиена форма од страна на неовластени лица, која може да биде во случај на необезбедена сигурност на плакарите во кои се чуваат личните податоци на подносители (физички лица) на барање за пристап до информации од јавен карактер, чување на наведените податоци на бироа, неовластено копирање, уништување и сл.;
- неовластен пристап до личните податоци на подносителите (физички лица) на барање за пристап до информации од јавен карактер во електронска форма може да се случи доколку системот не поседува соодветна заштита firewall од надворешни неовластени пристапи, доколку нема инсталирано антивирус и доколку персоналниот компјутер не е заштитен со лозинка;
- до непосакувани промени на личните податоци може да дојде во случај на неовластен пристап до збирката на лични податоци, злоупотреба на овластувањата, грешка при ракување;
- до привремена или целосна недостапност до личните податоци во хартиена форма може да дојде во случај на виша сила и непосакувани надворешни влијанија (кражба, пожар, поплава и слично), а до привремена недостапност

во електронска форма може да дојде доколку не се обезбеди заштита на сервери или други заштитни мерки.

Обработката на овие податоци се врши од страна на службеното лице за посредување со информации и давање помош на баратели на информации од јавен карактер на АВМУ, а увид во податоците имаат и други вработени согласно нивните работни задачи и овластувања.

Постојни мерки за решавање на ризик се: сигурносни копии и безбедност на просториите.

Сериозноста и веројатноста на ризиците, во однос на претходните елементи предвидени во оваа точка е ниска.

**16. Збирка на лични податоци од постапките за доделување на договори за јавни набавки/набавки со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки кога носител на набавката/понудувач е физичко лице.**

Личните податоци во оваа збирка се обработуваат заради спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки/набавки со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки кога носител на набавката/понудувач е физичко лице. Личните податоци во оваа збирка се:

- име и презиме;
- адреса на живеење или престојување; и
- електронска пошта.

Овие лични податоци се чуваат согласно рокот за чување на податоците определен во Листата на архивски материјал за 2022 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.03-4240/1 од 22.11.2021 г.

Податоците се обработуваат и чуваат во хартиена и електронска форма во архивата на АВМУ.

Обработката на овие лични податоци се врши на персонални и преносни компјутери.

16.1. При обработка на оваа збирка на лични податоци утврдени се следните потенцијални закани, односно настани:

- неовластен пристап до личните податоци во хартиена форма од страна на неовластени лица, која може да биде во случај на необезбедена сигурност на плакарите во кои се чуваат личните податоци од постапките за доделување на договори за јавни набавки/набавки со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки кога носител на набавката/понудувач е физичко лице, чување на наведените податоци на бироа, неовластено копирање, уништување и сл.;
- неовластен пристап до личните податоци во постапките за доделување на договори за јавни набавки/набавки со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки кога носител на набавката/понудувач е физичко лице во електронска форма може да се случи доколку системот не поседува соодветна заштита firewall од надворешни неовластени пристапи, доколку нема инсталирано антивирус и доколку персоналниот компјутер не е заштитен со лозинка;
- до непосакувани промени на личните податоци може да дојде во случај на неовластен пристап до збирката на лични податоци, злоупотреба на овластувањата, грешка при ракување;
- до привремена или целосна недостапност до личните податоци во хартиена форма може да дојде во случај на виша сила и непосакувани надворешни влијанија (кражба, пожар, поплава и слично), а до привремена недостапност во електронска форма може да дојде доколку не се обезбеди заштита на сервери или други заштитни мерки.

Обработката на овие податоци се врши од страна на членовите на Комисиите за јавни набавки и вработените во Одделението за јавни набавки при Секторот за правни работи и јавни набавки, а увид во податоците имаат и други вработени согласно нивните работни задачи и овластувања.

Постојни мерки за решавање на ризик се: сигурносни копии и безбедност на просториите.

Сериозноста и веројатноста на ризиците, во однос на претходните елементи предвидени во оваа точка е ниска.

### III. Прашалник за процена на влијанието на неовластено откривање

| бр. | Прашање | Проценка |
|---|---|---|
| 1 | Влијанието што неовластеното откривање може да го има врз личните податоци на поединецот (губење доверливост) – во контекст на деловната активност – и впишете соодветно проценка<br>Примери на губење доверливост<br>- Досие со документи или лаптоп е изгубен при пренесување<br>- Опремата е фрлена без да се уништат податоците<br>- Личните податоци се погрешно испратени до неовластени приматели<br>- Клиенти можат да пристапат до туѓи податоци<br>- Личните податоци се објавуваат преку интернет, или на друг начин се прават достапни<br>- Усб со личните податоци е украден од просториите | ☑Ниско<br>☐Средно<br>☐Високо<br>☐Многу високо |

| бр. | Прашање | Проценка |
|---|---|---|
| 2 | Влијанието што неовластеното менување на податоците може да го има врз личните податоци на поединецот (губење на интегритет) – во контекст на деловната активност – и впишете соодветна проценка<br>Примери на губење на интегритет<br>- Податоците кои се битни за точноста на податоците на субјектите на личните податоци се сменети. | ☑Ниско<br>☐Средно<br>☐Високо<br>☐Многу високо |
| 3 | Влијанието што неовластеното уништување или губење на личните податоци може да го има врз личните податоци на поединецот (губење на достапноста) - во контекст на деловната активност – и впишете соодветна проценка<br>Примери - Датабазата со личните податоци е компромитирана и потребно е преземање на активности за враќање на податоците<br>- Досието на вработениот е изгубено и поединецот мора да ги достави податоците повторно кај контролорот,<br>- датабаза е корумпирана и нема копија (back-up) од истите податоци, односно нема начин за враќање на податоците | ☑Ниско<br>☐Средно<br>☐Високо<br>☐Многу високо |

Највисоката вредност се смета за конечна

## IV. Прашалник за проценката на веројатноста за појава на закана

### *А) средства на контролорот (хардвер и софтвер)*

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Дали некој дел од обработката на личните податоци се врши преку интернет?<br><br>Да | Кога обработката на личните податоци се изведува целосно или делумно преку интернет, се зголемуваат можните закани од надворешни напаѓачи преку интернет. |
| 2. | Дали е овозможено да се пристапи до внатрешниот систем за обработка на личните податоци преку интернет?<br><br>Не | Кога се обезедува пристап до внатрешен систем преку интернет, веројатноста за надворешни закани се зголемува. Во исто време се зголемува и веројатноста за случајна или намерна злоупотреба од страна на корисниците. |
| 3. | Дали системот за обработка на личните податоци е поврзан со друг внатрешен или надворешен ИТ систем или услуга?<br><br>Не | Поврзување со надворешни ИТ системи може да доведе до дополнителни закани поради ризиците и потенцијалните безбедносни пропусти кои се својствени за тие системи. Истото важи и за внатрешните системи, имајќи предвид дека ако не се соодветно конфигурирани, таквите врски може да овозможат пристап до личните податоци на повеќе лица кај контролорот. |
| 4. | Дали неовластени лица можат лесно да пристапат до средствата за обработка на личните податоци?<br><br>Не | Иако фокусот е ставен на електронските системи и услуги, физичката безбедност е важен аспект, кој доколку не е соодветно заштитен, може сериозно да ја загрози безбедноста. |
| 5. | Дали системот за обработка на личните податоци е дизајниран, имплементиран или одржуван без да се следат најдобрите практики?<br><br>Не | Лошо дизајнираните, имплементирани и/или одржувани хардверски и софтверски компоненти може да претставуваат сериозни ризици за безбедноста на личните податоци. За таа цел, најдобрите практики го акумулираат искуството од претходните настани и може да се сметаат за практични упатства како да се избегне изложување и да се постигнат одредени нивоа на издржливост. |

### *Б) Постапки/процедури поврзани со обработка на личните податоци*

| | | |
|---|---|---|
| 6. | Дали улогите и одговорностите на вработените за заштита на личните податоци се јасни или се јасно дефинирани?<br><br>Да | Во случај кога улогите и одговорностите се јасно дефинирани, пристапот па и другиот вид на обработка на личните податоци може да биде контролиран, и да резултира со овластено пристапување и користење на ресурсите и загрозување |

| | | |
|---|---|---|
| | | на целокупната безбедност на системот. |
| 7. | Дали е јасно дефинирана употребата на интернет, системот и физичките ресурси кај самиот контролор?<br><br>Да | Кога употребата на ресурсите не е јасно дефинирана, може да настанат безбедносни закани поради недоразбирање или намерна злоупотреба. Јасната дефиниција на мрежна инфраструктура, информатичкиот систем и физичките ресурси може да ги намали потенцијалните ризици. |
| 8. | Дали на вработените им е дозволено да користат свои медиуми (усб, лаптоп...) за да се поврзат со системот за обработка на личните податоци?<br><br>Не | Вработените што ги користат нивните лични уреди во рамки на контролорот може да го зголемат ризикот од истекување на податоци или неовластен пристап до информатичкиот систем. Покрај тоа, бидејќи уредите не се централно контролорирани, тие може да доведат вируси и други закани во системот. |
| 9. | Дали на вработените им е дозволено да пренесуваат, складираат или на друг начин да ги обработуваат личните податоци надвор од просториите на контролорот?<br><br>Не | Обработката на личните податоци надвор од просториите на контролорот може да понуди поголема флексибилност, но во исто време воведува дополнителни ризици, посебно со пренесување на податоци преку несигурни мрежи (пр.отворени WI-FI мрежи) и со тоа се зголемува ризикот од неовластен пристап и употреба на овие податоци. |
| 10. | Дали е возможно да се обработат личните податоци без притоа за истото да се зачува лог (запис)?<br><br>Не | Недостаток на соодветни механизми за мониторирање и запишување на логови може да ја зголеми злоупотребата на процесите/процедурите и ресурсите, што резултира со злупотреба на личните податоци. |

***В) Различни страни и поединци вклучени во обработката на личните податоци***

| | | |
|---|---|---|
| 11. | Дали обработката на личните податоци се врши од недефиниран број на вработени?<br><br>Не | Кога пристапот (и понатамошната обработка) на личните податоци е отворен за голем број на вработени, се зголемуваат можностите за злоупотреба од човечки фактор. Јасно дефинирање на пристап до личните податоци и ограничување на пристапот само на тие лица може да придонесе за безбедноста на личните податоци. |
| 12. | Дали некој дел од активностите на обработка на личните податоци се врши од трета страна (обработувач)? | Кога обработката се врши од страна на обработувачи, контролорот може делумно да ја загуби контролата врз овие податоци. Контролорот мора да |

| | | |
|---|---|---|
| | Да | подготви соодветна процедура за избор на обработувачи, кои можат да понудат високо ниво на безбедност и јасно да се дефинира кој дел од обработката им е доделен, одржувајќи колку што е можно повисоко ниво на контрола. |
| 13. | Дали страните/поединците кои се вклучени во обработката на личните податоци се јасно информирани за нивните обврски?<br><br>Да | Кога вработените не се јасно информирани за нивните обврски, заканите од случајна злоупотреба, како што се откривање или уништување на податоците значително се зголемуваат. |
| 14. | Дали вработените кои се вклучени во обработката на личните податоци се обучени, односно имаат знаење од областа на осигурување на безбедност на активностите на обработка?<br><br>Не | Во моментот на подготовка на оваа анализа, вработените во АВМУ немаат поминато обука за заштита на личните податоци. Меѓутоа, согласно Планот за обуки на вработените поврзани со прописите за заштита на личните податоци за 2022 година, предвидени се обуки за сите вработени во стручната служба на АВМУ. |
| 15. | Дали страните/поединците кои се вклучени во обработката на личните податоци го занемаруваат безбедното складирање/чување на податоците, како и уништувањето на личните податоци?<br><br>Не | Многу нарушувања на личните податоци се случуваат поради недостаток на мерки за физичка заштита, како што се брави и безбедносни системи за уништување. Датотеките базирани на хартија обично се дел од влезот или излезот на информативниот систем, може да содржат лични податоци и исто така треба да бидат заштитени од неовластено откривање и повторна употреба. |

***Г) Деловниот процес и обемот на обработка***

| | | |
|---|---|---|
| 16. | Дали сметате дека Вашиот бизнис е склон кон сајбер напади?<br><br>Не | Доколку до сега се случил ваков напад во овој деловен сектор, постои индикација дека организацијата треба да преземе соодветни мерки за да се избегне сличен настан. |
| 17. | Дали сте претрпеле некој сајбер напад или друг начин на нарушување на безбедноста во последните две години?<br><br>Да | Контролорот во тековната година беше цел на напад при што од страна на вработените во Секторот за информатичка поддршка и технологии беа преземени сите заштитни мерки за да се спречи овој настан и да се спречат вакви слични настани во иднина. |
| 18. | Дали сте добиле некое известување и/или поплака во однос на безбедноста на ИТ системот | Безбедносни грешки, односно слабости може да се искористат за |

| | | |
|---|---|---|
| | користен за обработка на личните податоци во последните две години?<br><br>Не | извршување на сајбер или физички напади на системот или услугите. |
| 19. | Дали активностите на обработка опфаќа голем обем на лични податоци за субјектите?<br><br>Не | Видот и обемот на личните податоци може да ги направат активностите на обработка привлечни за напаѓачи. |
| 20. | Дали постојат посебни најдобри практики за Вашиот деловен сектор кои не биле соодветно следени?<br><br>Не | Специфични безбедносни мерки за секторот обично се прилагодуваат за потребите и ризиците на конкретниот сектор. Непочитување на соодветните најдобри практики може да биде показател за лошо управување со безбедноста. |

Следејќи го овој пристап, нивото на веројатност за појава на закана може да се дефинира за секоја од областите на проценка, и тоа:

- Ниско: мала е веројатноста дека заканата ќе се оствари,
- Средно: постои разумна шанса заканата да се оствари,
- Високо: заканата најверојатно ќе се оствари.

**Ниско: Мала е веројатноста дека заканата ќе се оствари**

Средно: ______x_______

Високо:_______x_______

**Конечна евалуација – процена на ризик**
**Влијание X веројатност за појава на заканата = ниво на ризик**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Нивото на влијание | | |
| | | Ниско | Средно | Високо/многу високо |
| Можната појава на заканата | Ниско<br>Средно<br>Високо | W | | |

низок ризик    среден ризик    висок ризик

**V. Акциски план за спроведување на активности**

Акцискиот план ќе се следи од страна на раководството на контролорот (АВМУ) и ги опфаќа следниве активности:

1. Изготвување на актите со кои се усогласуваат одредбите со новиот Закон за заштита на личните податоци;
2. Назначување на офицери за заштита на лични податоци во АВМУ;

3. Поставување на актите на посебна локација на веб страната која ќе се однесува само на заштитата на личните податоци;

4. Информација до вработените преку раководителите за изготвените акти и нивната примена;

5. Соодветна обука на офицерите за заштита на лични податоци;

6. Обука на вработените за одредбите за заштита на лични податоци;

7. Обезбедување на соодветни овластувања за обработка на лични податоци за вработените во АВМУ;

8. Водење на евиденција на овластени пристапи соодветно на збирки на лични податоци;

9. Вршење на посебна контрола до сервер салата, обезбедување на безбеден пристап до сервер салата;

10. Имплементирање на одредбите од подзаконските акти во договорните одредби (во договорите кои ги склучува АВМУ со други договорни страни, а кои имаат влијание на заштита на личните податоци);

11. Обезбедување на примена на Законот за заштита на личните податоци, подзаконските акти како и актите кои се донесени од страна на АВМУ;

12. Вршење на редовни, периодични и годишни контроли од страна на офицерите за заштита на личните податоци;

13. Раководните лица во секторот/службата, овластените лица за обработка на личните податоци и офицерите за заштита на лични податоци вршат спроведување и проверка на планираните мерки, а со цел да се обезбеди дека тие се применуваат и тековно се тестираат.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Бр.01-2373/1**

**14.06.2022 година**
**Скопје**